Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас со број 237/2024, градоначалникот на општина Росоман, донесе

# О Д Л У К А

**за неизбор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас**

**1.** Со оваа Одлука не се врши избор на кандидат за вработување на работното место со шифра УПР 01 01 Г01 000 – Самостоен референт – упатување на граѓани/странки во Одделение за правни и општи работи по пат на Јавен оглас со број 237/2024.

**2.** Оваа Одлука се објавува на интернет страната на Агенција за администрација и на огласната табла на Агенција за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 12.09.2024 година на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, е објавен Јавен оглас со бр.237/2024 за вработување на административен службеник во општина Росоман за работното место со шифра УПР 01 01 Г01 000 – Самостоен референт – упатување на граѓани/странки во Одделение за правни и општи работи.

Со Решение бр.10-1334/3 од ден 16.09.2024 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која ја спроведе постапката за вработување.

Комисијата за селекција на ден 27.09.2024 година спроведена административна селекција за административен службеник за што изготви и Записник со број 10-1334/4 од 27.09.2024 година, на ден 28.10.2024 година се спроведе испит за административен службеник за што беше изготвен и Записник со број 10-1334/7 од ден 28.10.2024 година, на ден 30.10.2024 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник за што изготви Записник бр.10-1334/8 од ден 30.10.2024 година.
Врз основа на резултатите од сите спроведени фази на селекција, од страна на Агенцијата за администрација е подготвена конечна ранг листа и Предлог на кандидат за вработување со број 10-1334/10 од ден 30.10.2024 година, примен од страна на Општина Росоман на ден 04.11.2024 година, за работното место со шифра УПР 01 01 Г01 000 – Самостоен референт – упатување на граѓани/странки во Одделение за правни и општи работи, нема предложено кандидат кој се квалификува за вработување.

Од се погоре наведено, се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

*Правна поука*: *Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на Веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.*

Изработила : А/П

**Бр. 04 – 504/11**
**06.11.2024 година**
**Р о с о м а н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РОСОМАН